Врз основа на член 40 став (4) од Законот за данок на моторни возила (,,Службен весник на Република Северна Македонија“ број 261/19) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПОТВРДА ЗА ПЛАТЕНИ УВОЗНИ ДАВАЧКИ ЗА ОЦАРИНЕТО МОТОРНО ВОЗИЛО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА ПЛАТЕНИ УВОЗНИ ДАВАЧКИ ЗА ОЦАРИНЕТО МОТОРНО ВОЗИЛО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за издавање на потврда за платени увозни давачки за оцаринето моторно возило и формата и содржината на потврдата за платени увозни давачки за оцаринето моторно возило и потребната документација.

**Член 2**

(1) Барањето за издавање на потврда за платени увозни давачки за оцаринето моторно возило се поднесува на хартија во бела боја во А-4 формат.

(2) Формата и содржината на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

(1) Потврдата за платени увозни давачки за оцаринето моторно возило се поднесува на хартија во бела боја во А-4 формат.

(2) Формата и содржината на потврдата од став (1) на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Кон барањето од член 2 од овој правилник се приложува следната документација:

- податоци за идентификација на лицето кое го поседува возилото и документ врз основа на кој е стекната сопственоста на моторното возило;
- примерок од увозна царинска декларација;
- Копија од поднесен документ за регистрација на возилото и
- сообраќајна дозвола или фактура во случај на ново моторно возило.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“ а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 20 –_________

____________ 2019 година

Скопје

Министер за финансии

д-р Нина Ангеловска